Врз основа на членот 13 од Законот за Државниот испитен центар („Службен весник на Република Македонија“ бр. 142/08, 148/09, 41/14, 55/16, 142/16 и 64/18), Државниот испитен центар распишува

# КОНКУРС

***за избор на надворешни соработници за учество во обуки и изработка, ревидирање и оценување на испитни материјали за државното тестирање***

Државниот испитен центар распишува Конкурс за избор на надворешни соработници за учество во обуки и изработка, ревидирање и оценување на испитни материјали за државното тестирање, и тоа за:

1. **Наставен предмет македонски јазик** - најмногу 20 члена кои предаваат на македонски наставен јазик, од кои:
    - 3 надворешни соработници од редот на наставно-научниот и стручниот кадар од универзитетите во РСМ;
    - 6 одделенски наставници и
    - 11 предметни наставници по предметот македонски јазик/македонски јазик и литература.
2. **Наставен предмет албански јазик** - најмногу 20 члена кои предаваат на албански наставен јазик, од кои:
    - 3 надворешни соработници од редот на наставно-научниот и стручниот кадар од универзитетите во РСМ;
    - 6 одделенски наставници и
    - 11 предметни наставници по предметот албански јазик/албански јазик и литература.
3. **Наставен предмет математика** - најмногу 25 члена, од кои:
    - 2 надворешни соработници од редот на наставно-научниот и стручниот кадар од универзитетите во РСМ кои предаваат на македонски наставен јазик;
    - 1 надворешен соработнк од редот на наставно-научниот и стручниот кадар од универзитетите во РСМ кои предаваат на албански наставен јазик;
    - 6 одделенски наставници кои предаваат на македонски наставен јазик;
    - 3 одделенски наставници кои предаваат на албански наставен јазик;
    - 8 предметни наставници кои предаваат на македонски наставен јазик и
    - 4 предметни наставници кои предаваат на албански наставен јазик.

**Потребни квалификации:**

➢ Кандидатите наставници од одделенска настава и предметна настава од основните и средните училишта треба да достават доказ дека ги исполнуваат следните услови:

- да се државјани на Република Северна Македонија;
- да имаат соодветно високо образование;
- да имаат најмалку три  години работен стаж во воспитно-образовна дејност;
- да реализираат настава во основно или средно училиште, на соодветниот наставен јазик;
- да поседуваат компјутерски вештини;
- да поседуваат други знаења и вештини за извршување на работите.

➢ Кандидатите од редот на наставно-научниот и стручниот кадар од универзитетите во РСМ треба да

достават доказ дека ги исполнуваат следните услови:

- да се државјани на Република Северна Македонија;
- да имаат завршено најмалку академски студии од втор циклус од соодветната област;
- да се од редот на наставно-научниот или стручниот кадар од универзитетите во Република Северна Македонија;
- да имаат најмалку три години работен стаж во воспитно-образовна, научна или стручна дејност, на соодветниот наставен јазик;
- да поседуваат компјутерски вештини;
- да поседуваат други знаења и вештини за извршување на работите.

*Предност ќе имаат кандидатите кои:*

- имаат искуство во креирање стандардизирани испитни прашања/задачи;
- имаат објавено стручни, односно научни трудови кои се во функција на актуелната потреба;
- имаат учествувано со свои трудови на научни и стручни собири.

Покрај другата документација, кандидатите треба да изготват и достават ***10 испитни прашања/задачи од различен тип со упатство за оценување за наставниот предмет за кој конкурираат***. Прашањата/задачите треба да соодветствуваат на наставниот материјал што се изучува во V и/или IX одделение во основното образование.

Кандидатот во пријавата со која се пријавува, треба да наведе за кој наставен предмет се пријавува (македонски јазик, албански јазик или математика). Со пријавата кандидатите ја доставуваат и целокупната документација за исполнување на условите на објавениот конкурс и кратка биографија.

Државниот испитен центар ќе врши селекција според горенаведените критериуми, а кандидатите кои ќе влезат во вториот круг ќе бидат интервјуирани. Избраните кандидати ќе бидат упатени на обуки и по успешно завршување на обуките ќе следи дополнителна селекција и конечен избор.

Избраните кандидати ќе бидат ангажирани за различни активности и во различни периоди, согласно потребите на ДИЦ.

Пријавата со комплетната документација се доставува ***исклучиво по пошта*** (со препорачана поштенска пратка) на следната адреса: *Државен испитен центар – Скопје ул.„Васил Ѓоргов“ 66 1000 Скопје,* со назнака ***за јавен конкурс за учество во обуки и изработка, ревидирање и оценување на испитни материјали за државното тестирање.***

Наведените документи се валидни доколку се ***испратени најдоцна до 16.9.2022 година***.

Пријавите со некомплетна и невалидна документација, како и пријавите кои ќе пристигнат по рокот утврден во овој конкурс, нема да се земат предвид.

***Дополнителни информации можат да се добијат на телефонскиот број 075/340-928, секој работен ден.***

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР